# Се слушаме ли преку екранот?

# МЛАДИТЕ ЗА БЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ ПРОСТОР!

## ИНТЕРНЕТОТ ДОНЕСЕ ПРИДОБИВКИ ЗА МЛАДИТЕ И ОПШТЕСТВОТО



Пристап до формално образование, особено за време на пандемијата со Ковид-19.



Учество во неформално образование и можност за доживотно учење, вклучително и преку курсеви од реномирани универзитети и стручни курсеви.

**Бесплатен и брз пристап до вести, видеа и информативни статии за тековните настани и проблемите во светот кои се лесно достапни.**



**Олеснета комуникација со семејството, пријателите и луѓе од целиот свет.**



Деловни можности - Подобри можности за маркетинг за малите и средни претпријатија (МСП) и олеснета потрага по работа на младите луѓе.

Младите можат да бидат креативни, да се поврзуваат со врсници и истомисленици, и да создаваат заедници каде што можат да бидат креативни и да практикуваат слобода на говор.

Заклучоците и препораките се засноваат врз наодите од граѓанските консултации со млади, настан скроен да ги разбере личните искуства на младите на интернет, позитивни или негативни, и нивните мислења за тоа кои мерки и политики, како и кои актери треба да ги спроведуваат овие активности со цел да се подобри искуството на интернет корисниците.

Граѓанските консултации со млади се дел од проектот „Направи иднина заедно: ЕУ и Западен Балкан од младинска перспектива“, финансиран од Европската агенција за културни, образовни и аудио-визуелни политики преку својата програма „Европа за граѓаните“.

Институт за европска политика. Скопје

Co-funded by the Europe for Citizens Programme of the European Union

TEN Think for Europe Network